Архивски знак: 0507
Рок на чување: 185
07.02.2019 год.
Потпис,

Врз основа на член 26 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18) директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе:

# ОДЛУКА
## за измена и дополна на
## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2019 ГОДИНА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа Одлука се врши измена на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година бр.05–005218/19-0001 од 24.01.2019 г.
2. Во Годишниот план за јавни набавки за 2019 година, **се менуваат податоците** за набавките со број 39, 40 и 54 од основниот Годишен план за јавни набавки за 2019 година, и истите гласат:

| **Бр.** | **Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба** | **Шифра според ОПЈН** | **Очекуван почеток на постапката (месец)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари)** | **Вид на постапка** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 39. | Тековно одржување на објекти на гранични премини | 50000000-5 | Јуни | 8.474.576,00 | 10.000.000,00 | Отворена постапка | Двегодишна набавка |
| 40. | Одржување на фискални апарати | 50310000-1 | Ноември | 84.746,00 | 100.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | |
| 54. | Услуги за печатење годишен извештај, брошури, визит карти и постери | 79800000-2 | Јануари | 500.000,00 | 590.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | Тригодишна набавка |

3. Годишниот план за јавни набавки за 2019 година, **се дополнува со нова набавка** која гласи:

| **Бр.** | **Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба** | **Шифра според ОПЈН** | **Очекуван почеток на постапката (месец)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари)** | **Вид на постапка** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | Набавка на плакети, повелби и пофалници | 18530000-3 | Март | 120.000,00 | 141.600,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | Тригодишна набавка |

3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување и претставува составен дел на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година број 05–005218/19-0001 од 24.01.2019 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Одлуката за измена и дополна на Планот за јавни набавки за 2019 година се прави врз основа на:

- Барањето од Секторот за управување со човечки ресурси со бр.04-009121/19-0001 од 05.02.2019 година, со кое е побарано да се изврши дополнување на Планот за јавни набавки со нова тригодишна јавна набавка -„Набавка на плакети, повелби и пофалници", со проценета вредност на договорот од 141.600,00 денари со вклучен ДДВ.

Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања бр.05-009121/19-0002 од 06.02.2019 година, вкупно потребните средства за предметната нова тригодишна набавка во износ од 141.600,00 денари ќе бидат планирани и обезбедени со буџетот на Царинска управа за: 2019 година (47.200,00 денари), 2020 година (47.200,00 денари) и 2021 година (47.200,00 денари).

- Барањето од Одделението Кабинет на директорот со бр.05-005847/19-0002 од 07.02.2019 година, со кое е побарано да се изврши зголемување на проценетата вредност на планираната тригодишна јавна набавка на „Услуги за печатење годишен извештај, брошури, визит карти и постери” (број 54 во ГПЈН), така што новата проценета вредност на договорот со вклучен ДДВ изнесува 590.000,00 денари, наместо од 510.000,00 денари. Во барањето е наведено дека предметното зголемување на проценетата вредност се бара по согледување на потребата од дополнителен материјал што треба да биде опфатен со Набавката на услуги за печатење на годишен извештај, брошури, визит карти и постери, за претстојната конференција PICARD,

Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања бр.05-005847/19-0003 од 07.02.2019 година, вкупно потребните средства за предметната тригодишна набавка во износ од 590.000,00 денари ќе бидат планирани и обезбедени со буџетот на Царинска управа за: 2019 година (250.000,00 денари), 2020 година (170.000,00 денари) и 2021 година (170.000,00 денари).

- Потребата за корекција на направена техничка грешка во „забелешка” наведена во колона 7 од основниот Годишен план за јавни набавки за 2019 година. Имено, забелешката „двегодишна набавка“по грешка е наведена кај набавката „Одржување на фискални апарати“ (број 40 во ГПЈН), наместо да биде наведена кај набавката „Тековно одржување на објекти на гранични премини “(број 39 во ГПЈН).

Директор
м-р Гоко Танасоски

Број 05-005218/19–0002
Скопје, 07.02.2019 г.
07 -02- 2019

Изработил: Мирјана Станоева

Одобрил: Зоран Петковски

Доставено во оригинал до:

- Одделение за јавни набавки,
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:

- Директор,
- Заменик директор,
- Советници на директорот,
- Помошници директори на сектори,
- Началници на независни одделенија